Република Северна Македонија

- МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ -
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРАНСПОРТ

Арх.бр.09-557/2
Датум:03.04.2023 година
Врска бр.09-1566/1 од 16.03.2023 година

ДО:
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
Кабинет на министер г-дин Благој Бочварски

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 03. 04. 2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| | | | |

Предмет: Достава на мислења и предлози

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на предлози и мислења бр.09-1566/1 од 16.03.2023 година доставено до Државниот инспекторат за транспорт, со наводи дека Министерството за транспорт и врски го објави предлог текстот на новиот Закон за превоз во патниот сообраќај на ЕНЕР, со цел доусогласување на нашето законодавство со регулативите на Европската унија, директорот на Државниот инспекторат за транспорт формира работна група и во службените простори во дирекцијата на Државниот инспекторат за транспорт на ден 30.03.2023 година одржува состанок со цел доусогласување на нашето законодавство со регулативите на Европската унија.

Работната група по разгледување на предлог Законот за превоз во патниот сообраќај, даде предлози и мислења со кои ХИТНО мора да се променат, изменат или избришат одредени членови од предлог законот со цел да имаме функционален и европски закон усогласен со европските директиви и регулативи, кои се клучни за поглавје 14 и 21 на пат кон ЕУ.

Од одржаниот состанок од страна на работното група се донесени предлози, мислења, забелешки во однос со предлог текстот на новиот Закон за превоз во патниот сообраќај и истите се во прилог на дописот, и тоа:

- Во Член 3 точка 33 зборовите „од автобуските станици" се заменува со ,,од една од станиците од возниот ред" и би гласел: "Неодржување на линија подразбира доколку превозникот поаѓањата, попатните станици и доаѓањата дефинирани во возниот ред не ги одржува со качување и слегување на патници од една од станиците од возниот ред.

**Образложение:** автобуските станици да се замени со една од автобуските станици од возниот ред, бидејќи има поаѓања од градови во кои немаме категоризирани автобуски станици, па од таа причина ваквото појаснување е неприменливо при изречување на мерки за неодржување на одредена линија.

- Во член 33 да се додаде значење што се поштенски возила.

**Образложение:** Дефиниција за поштенски возила потребно е да ги дефинира истите, бидејќи повеќе брзи пошти имаат возила над 3.5 тони, истите вршат превоз на стока помеѓу два града од магацин до магацин и истите неможат да се класифицираат во поштенски возила.

- Во член 8 во став 2 да се брише зборот „пајак"

**Образложение:** пајак возилата вршат јавен превоз за стока, превозот го вршат со надомест од сопственикот на возилото истите остваруваат приходи од превоз на возила од место А до место Б и МОРА да подлежат под лиценца

- Во член 9 став 1 точка 1 да се дефинира да поседува или изнајмува просторија

**Образложение:** Држаните инспектори за патен сообраќај се соочуваат на терен при вршење на надзори во седиште на превозникот да отидат во куќа или стан каде правното лице е регистрирано.

- Во член 9 став 4 да се бришат зборовите: „и за вршење на јавен превоз на стоки во меѓународен патен сообраќај со возила чија најголема носивост не надминува 3.500 кг, вклучувајќи ја и приколката"

**Образложение:** Возилата под 3.5 тони вршат меѓународен превоз на стока низ цела Европа, потребно е овие возачи да имаат познавање и квалификации за превозот што го вршат, предлог е да се воведат и СПК за возач за Б категорија.

- Во член 20 став 3 да се бришат зборовите: „и за вршење на јавен превоз на стоки во меѓународен патен сообраќај со возила чија најголема носивост не надминува 3.500 кг, вклучувајќи ја и приколката"

- Во член 21 став 7 да се брише

**Образложение:** Државен инспекторат за транспорт пушта извештаи до Инспекциски совет согласно Закон за инспекциски надзор, ова ќе претставува дуплирање на податоци и дополнително оптеретување на инспекторите.

- Во член 24 став 6 по зборот стопанство да се додадат зборовите:„која содржи регистарска ознака и број на шасија на возилото"

**Образложение:** На терен е можна злоупотреба еден носителот на семејно земјоделско стопанство може да има и повеќе од две возила но инспекторот на терен нема можност да провери колку возила истиот поседува во сопственост, истиот потрвдата може да ја носи од возило во возило. Со внесување во потврдата покрај име на носителот на семејно земјоделско стопанство и на регистарска ознака и број на шасија на возилото се оневозможува истиот да ја користи за повеже од две возила.

- Во член 35 во став 1 по зборот дозвола да се додадат зборовите „уредно пополнет"

**Образложение:** на терен возачот може да има патен налог на терен но истиот да не е уредно пополнет.

- Во член 45 во став 7 по зборот поседува да се се додадат зборовите „уредно пополнет"

**Образложение:** на терен возачот може да има патен налог на терен но истиот да не е уредно пополнет.

- Во член 53 став 3 по зборот дозвола да се додадат зборовите „најмногу 36 дена во текот на една година"

**Образложение:** секој патник има уставно право да биде превезен, на овој начин се дефинира дека еден превозник во една година може да направи привремен прекин само 36 дена во текот на една година.

- Во член 53 по став 4 да се додаде нов став 5 кој гласи:

„Министерство за транспорт и врски по донесено решение од став 3 и 4 го известува Државниот инспекторат за транспорт"

**Образложение:** Доколку ДИТ има информација дека некоја превозник одредена линија ја ставил во прекин или трајно ја запрел а истиот не го известил ДИТ, инспекторите би можеле да постапат дека

превозникот не постапил согласно член 54.

- Во член 55 став 4 по зборот „ поаѓање/а ” да се додаде зборот „доаѓање/а”

**Образложение:** во заверен возен ред се наведени почетна и крајна станица, со внесување на доаѓање/а превозникот се обрзува превозот кој го започнал да го заврши до крајна станица од заверен возен ред, во спротивно одредена линија не е одржана.

- Во член 55 став 5 по зборот „ поаѓање/а ” да се додаде зборот „доаѓање/а”

**Образложение:** во заверен возен ред се наведени почетна и крајна станица, со внесување на доаѓање/а превозникот се обрзува превозот кој го започнал да го заврши до крајна станица од заверен возен ред, во спротивно одредена линија не е одржана.

- Во член 55 став 9 по зборовите „став (2)” да се додаде и „ 3, 4 и 5”

**Образложение:** Државниот инспекторат за транспорт е потребно да се извести за сите решенија кои се донесуваат, за поефикасност на терен, досегашната пракса за недавање на овие информации од страна на министерството го става инспекторатот во неповолна положба

- Во член 56 став 1 зборовите „унифициран електронски систем со електронско плаќање на билети” или да се дефинира со правилник ИЛИ ДА СЕ БРИШЕ.

**Образложение:** секојдневно новинарите од одредени медиуми бараат информација зошто неможе да се купи онлине билет и да се плати, бидејќи само е пишано унифициран електронски систем со електронско плаќање на билети нема процедура што е дефиниција на овој поим, кој е носител на овластување, како се префрлаат средства остварени од продажба на билети, негова форма изглед, сето ова погоре наведено мора да биде пропишано со правилник кој ќе го донесе министерот.

- Во член 62 став 2 зборовите „ Државниот инспекторат за транспорт “ да се заменат со зборовите „државниот инспектор за патен сообраќај”

**Образложение:** Државниот инспектор за патен сообраќај поднесува предлог за меѓуопштински линиски превоз на патници, па согласно тоа потребно е и за меѓународен да поднесува инспекторот.

- Во член 65 по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:
  „ со добивањето на дозвола од став (1) дозволите за споените линии се бришат од регистарот за возни редови и издадените дозволи се одземаат”

**Образложение:** Да се вратат дозволите во Министерство за да не останат кај превозникот и истиот да не ги злоупотребува

- Во член 69 став 5 се менува и гласи:
  „Составен дел на договорот за извршување на превозот е списокот на патниците кои се превезуваат, возен ред со временски термини за поаѓање и враќање во кои ќе се врши превозот и истите треба задолжително да биде заверен од Министерството за транспорт и врски или од општините или градот Скопје. При извршување на посебен линиски превоз од став (2) на овој член не е потребен список на патници.“

**Образложение:** На овој начин се оневозможува еден превозник со на пример 10 возила до може во 07 00 часот да земе дозвола за поаѓање на 30 возила и да учествува на тендери со подизведувачи, што е спротивно на законот.

Република Северна Македонија

- МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ -
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРАНСПОРТ

- Во член 69 став 10 по зборот врски да се се додадат зборовите „уредно пополнет"

**Образложение:** на терен возачот може да има патен налог на терен но истиот да не е уредно пополнет.

- Во член 74 став 1 по зборот лиценца да се се додадат зборовите „уредно пополнет"

**Образложение:** на терен возачот може да има патен налог на терен но истиот да не е уредно пополнет.

- Во челн 74 став 2 по зборот лиценца да се се додадат зборовите „уредно пополнет"

**Образложение:** на терен возачот може да има патен налог на терен но истиот да не е уредно пополнет.

- Во член 84став 1 по алинеа 2 да се додадат алинеа 3 и 4 кои гласат:
  „доколку правното или физичкото лице кое управува со автобуската станица не дава еднакви услови на автобуските превозници кои вршат линиски превоз на патници односно фаворизира превозник државениот инспектор за патен сообраќај може да поднесе иницијатива за намалување на категоризација до Министерство за транспорт и врски"
  „доколку правното или физичкото лице кое управува со автобуската станица не дава точни информации за неодржани линии државниот инспектор за патен сообраќај може да поднесе иницијатива за намалување на категоризација до Министерство за транспорт и врски"

**Образложение:** Автобуските станици не даваат еднакви услови на сите превозници и истите не даваат точни информации за неодржани линиии, постојат случаи кога превозникот воопшто не влегол на автобуската станица а во патниот налог има печат од истата дека има влез.

- Во член 85 став 1 по алинеа 2 да се додадат алинеа 3 и 4 кои гласат:

  „доколку правното или физичкото лице кое управува со автобуската станица не дава еднакви услови на автобуските превозници кои вршат линиски превоз на патници односно фаворизира превозник државениот инспектор за патен сообраќај може да поднесе иницијатива за намалување на категоризација до Министерство за транспорт и врски"

  „доколку правното или физичкото лице кое управува со автобуската станица не дава точни информации за неодржани линии државниот инспектор за патен сообраќај може да поднесе иницијатива за намалување на категоризација до Министерство за транспорт и врски"

**Образложение:** Автобуските станици не даваат еднакви услови на сите превозници и истите не даваат точни информации за неодржани линиии, постојат случаи кога превозникот воопшто не влегол на автобуската станица а во патниот налог има печат од истата дека има влез.

- Во член 92 став 4 по зборовите има и да се се додадат зборовите „уредно пополнет"

**Образложение:** на терен возачот може да има патен налог на терен но истиот да не е уредно пополнет.

- Во член 94 став 2 по зборовите СПК за возач да се се додадат зборовите „уредно пополнет"

**Образложение:** на терен возачот може да има патен налог на терен но истиот да не е уредно пополнет.

- Во член 94 став 3 да се Брише или да се дефинира процедура за вадење на спк за возач со Б категорија.

- Во член 94 став 5 по зборот превоз да се додаде „и евиденција од став (4)"

**Образложение:** во претходниот закон нема предвидено евиденција, со новиот потребно е да се пропише.

- **Во член 104 став 7 зборовите „и полиција." се БРИШЕ.**

- **Член 117 се БРИШЕ**

  **Образложение: ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ – ДА СЕ БРИШЕ !!!!!!!!!!! Законот за превоз во патниот сообраќај е материјален закон со кој е предвидено постоењето на ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРАНСПОРТ, а ваквото предвидено решение е чекор кон УКИНУВАЊЕ на инспекторатот.**

  **Министерството за внатрешни работи – нема компетентен кадар за спроведување на предвидените законски прописи, истото предвидено законско решение е спротивно на препораките на ЕК која меѓу прашањата при подготвителен скрининг го постави прашањето со каков компетентен кадар и колкава бројка на инспектори располага ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРАНСПОРТ, како и години наназад за негативна оценка од страна на ЕУ за неспроведување на стратешки план со кој е предвидено зајакнување на ДИТ со дополнително вработување на инспектори, нови возила, опрема итн.**

- Во член 122 став 3 се БРИШЕ

**Образложение:** Државниот инспекторат за транспорт веќе доставува извештаи до инспекциски совет кој ги доставува до Влада на РСМ. За вакво законско решение потрено е да се разговара на работен состанок помеѓу претставници на Државниот инспекторат за транспорт и претставници Министерство за транспорт иврски, кој состанок до сега не се одржа, па согласно тоа инспекторатот е против овој предлог дека е должен да ги евидентира прекршоците во електронска база на министерството

- Во член 125 став 1 по зборовите превозникот да се додадат „деловни простории на државниот инспекторат за транспорт"

**Образложение:** многу превозници имаат пријавено простории кои во Централен регистар се водат како службени а во пракса се приватни станови и куќи.

- Во член 125 став 6 се додава нов став 7 кој гласи:
  Предлог 1: „Форма и содржина на обележување на возила од став (3) и пропишани знаци од став (4) на овој член ја утврдува директорот на Државниот инспекторат за транспорт"
  ИЛИ
  Предлог 2: „ Правилник за обележување на посебно означени службени возила од став (3) и пропишани знаци од став (4) на овој член на предлог на директорот на Државниот инспекторат за транспорт го донесува министерот".

- Член 126 став 4 во точка 3 зборот „техничките" се замени со зборовите „патен сообраќај и транспорт"

**Образложение:** Инспекциските надзори кои се спроведуваат на терен се од делот на сообраќај и транспорт па согласно европското законодавство мора и треба да стои соодветно високо образовен кадар во случајот инженери по патен сообраќај и транспорт.

- Член 127 став 1 алинеа 5 зборот „техничките" се заменува со зборовите „патен сообраќај и транспорт"

**Образложение:** Инспекциските надзори кои се спроведуваат на терен се од делот на сообраќај и транспорт па согласно европското законодавство мора и треба да стои соодветно високо образовен кадар во случајот инженери по патен сообраќај и транспорт.

Република Северна Македонија

- МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ -
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРАНСПОРТ

- Член 127 став 1 алинеа 9 се Брише

**Образложение:** Во Закон за инспекциски надзор за вработување на инспектор не е потребна лиценца, односно кандидатот за инспктор има 12 месеци да се стекне со лиценца преку задолжителна обука и полагање. Оваа алинеа не е усогласена со ЗИН.

- Член 132 став 2 по зборот „недостатоци" да се додаде зборот „може"

**Образложение:** доколку инспекторо процени дека веќе е опоменат превозникот или едуциран по преходен закон за ист вид на прекршок да се даде можност да се санкционира превозникот за повторување на прекршокот.

- Член 137 став 1 потребно е да има измени

**Предлог:** Неможе да е посериозен прекршок сертификат за авто-такси возач од спк за возач, предлог е да се префрли, од член 138 став 1 точка 2 во член 137 став 1 дозволил во меѓународниот превоз на патници и стока возилото да го управува возач кој нема положено и добиено СПК на возач за учество во меѓународен патен сообраќај (член 9 став (10) од овој закон);

- Член 137 став 1 по точка 24 да се додаде нова точка 25 кој гласи

  „на инспекторот за патен сообраќај не му овозможи вршење на инспекциски надзор, не му дава потребни известувања и не му ја стави на увид потребната документација (член 135)".

**Образложение:** Со казнената одредба која Министерството ја предвидело без консултација со Државниот инспекторат за транспорт, Министерството го има ставено во неповолна положба Државниот инспекторат за транспорт со нетавање на овој вид на прекршок во многу сериозни прекршоци со што министерството ги охрабрува превозниците да не даваат потребни документи на увид бидејќи е предвиден мал прекршок.

- Член 138 став 1 точка 2 да се префрли во член 137

**Образложение:** Превозникот со дозволување возилото да го управува возач без СПК за возач свесно сторил прекршокот па истиот мора да се класифицира како многу сериозне прекршок.

- Член 139 став 1 по точка 9 се додава нова точка 10 која гласи:

  „евидентен лист се чува 24 месеци (член 61 став 3)"

  Точките од „10 до 25" стануваат точки од „11 до 26"

**Образложение:** нема предвидено глоба за член 61 став 3.

- Во член 143 став 1 по точка 10 да се додадат две точки 11 и 12, точка 11 гласи:

  „на инспекторот за патен сообраќај не му овозможи вршење на инспекциски надзор не му дава потребни известувања и не му ја стави на увид потребната документација;

  по точка 11 да се додава нова точка 12 која гласи:

  „ не го завери патниот налог на секоја автобуска станица одобрена во возниот ред и дозволата (член 58 став (2) и член 88 став (3)). „

Република Северна Македонија

- МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ -
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРАНСПОРТ

- Член 145 став 1 точка 1 да се БРИШЕ!!!

**Образложение:** Со ваква предвидена глоба и класифицирање на попречување на инспекциски надзор од страна на физичко лице во помал прекршок, Министерството за транспорт и врски ги доведува на терен инспекторите во неповолна положба, каде одредени поединци за глоба до 50 евра без документација за превозот секојдневно ќе го попречуваат надзорот. Оваа казнена одредба која ја предвидело министерството без консултација и координација со Државниот инспекторат за транспорт е уште една забелешка од наша страна. Казнените одредби ги изрекуваат Државните инспектори за патен сообраќај, овластените инспектори за патен сообраќај на општините и овластените инспектори за патен сообраќај на Град Скопје, па согласно погоре наведеното Министерството за транспорт и врски овој ПРЕДЛОГ ЗАКОН МОРА ДА ГО УСОГЛАСИ И КАЗНЕНИТЕ ОДРЕДБИ КОИ ГИ ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРИФАТАТ.

- Член 145 став 7 се БРИШЕ:

**Образложение:** Со вакva казнена одредба се охрабруваат возачите.

Согласно погоре наведеното Државниот инспекторат за транспорт заедно со работната група формирана од Државните инспектори за патен сообраќај, е со надеж дека сите погоре наведени предлози и забелешки ќе бидат прифатени и дека предлог Законот ќе биде повлечен од ЕНЕР на доработка, и дека нема да биде како од досегашна пракса само да пишуваме предлози, мислења и забелешки а истите никогаш да не се прифатат.

Од таа причина уште еднаш Бараме од министерот за транспорт и врски, нашите забелешки, предлози и мислења да бидат ПРИФАТЕНИ се со цел донесување на применлив закон усогласен со Европските закони, директиви и регулативи.

Во прилог Ви доставуваме листа од работен состанок потпишана од државните инспектори за патен сообраќај.

**Со почит,**

**в.д.Директор/Drejtor**
Gajur Rushiti

Предмет: РАБОТЕН СОСТАНОК

На ден 30.03.2023 година во службените простории на Државниот инспекторат за транспорт се состана работна група на државни инспектори за патен сообраќај по однос на Предлог на Закон за превоз во патниот сообраќај, при што присутни беа следните државни инспектори за патен сообраќај:

| Ред.бр. | | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|---|
| 1 | 1 | Расто Мацески | |
| 2 | 2 | Владо [illegible] | |
| 3 | 3 | Нимет Јонузи | |
| 5 | 4 | Имир Алија | |
| 6 | 5 | Нестор Јаковлевски | |
| 7 | 6 | Зоран Колев | |
| 8 | 7 | Виолета Јовановска | |
| 9 | 8 | Жаклине Стевановска | |
| 10 | 9 | Славица Ткачева | |
| 11 | 10 | Таир Мамути | |
| 12 | 11 | Зоран Андреевски | |
| 13 | 12 | Душко Радински | |
| 14 | 13 | [illegible] Текие | |
| 15 | 14 | Игор Ѓорѓиевски | |
| 16 | 15 | Донка Витанова | |
| 17 | 16 | Бесфорт Адили | |
| 18 | 17 | Драгана Коцевска | |
| 19 | 18 | Бојан Антиќ | |

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
Државен инспекторат за транспорт
Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
Inspektorati shtetëror për transport
Shkup


Државен инспекторат за транспорт
Ул.Кузман Јосифовски Питу бр.21,
Скопје

Inspektorati shtetëror për transport
Rr. „Kuzman Josifovski Pitu nr.21,
Shkup

+389 2 2 464 510
www.dti.gov.mk